Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за образование и наука** | **Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

**Педагошка служба** | **Shërbimi pedagogjik**

Бр. 26-368/2
Датум 24-03-2026

ДО:

Рецензентската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по наставниот предмет **Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование** формирана со Решение бр.26-368/1 од 24.03.2026 година

ПРЕДМЕТ:Доставување на шифрирани ракописи за учебници по наставниот предмет **Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование**

Почитувани,

Министерството за образование и наука -Педагошка служба објави Конкурс бр. бр.26-1056/1 на 23.09.2025 година, на својата веб-страница.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) од страна на директорот на Педагошката служба со Решение бр.26-49/33 од 26.01.2026 година, е формирана Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по објавениот Конкурс.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) од Законот, по извршената проверка и шифрирање на пристигнатата документација по објавениот Конкурс, со допис бр.32-10/1 од 28.01.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-102/1 од 28.01.2026 година, до Педагошката служба ги достави шифрираните ракописи за учебници во три примероци во затворени и запечатирани пликоа за наставниот предмет **Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование,** со напомена истите да бидат доставени до Рецензентската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по наставниот предмет **Албански јазик за VIII (осмо) одделение во основното образование** за понатамошно постапување.

Согласно наведеното ви ги доставуваме ракописите со **шифра 6 и шифра 8**.

Покрај горенаведените шифрирани ракописи во прилог Ви го доставуваме и мислењето од Бирото за развој на образованието бр.09-170/18 од 17.02.2026 година заверено во писарницата на Министерството за образование и наука со бр.26-49/50 од 18.02.2026 година, според кое треба да постапите согласно член 14 став (6) од Законот.

Прилог:
- 2 шифрирани ракописи за учебници во 3 примероци

Со почит,

**ДИРЕКТОР**
**м-р Роберт Аџипетров**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка служба - Shërbimi pedagogjik
Скопје - Shkup

Lirije Dauti
24.03.2026

Arlind Farizi
24.03.2026

Emine Shaboni
24.03.2020

Emine Shaboni
Arlind Farizi
Lirije Dauti
26.03.2026